Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/81

# З А П И С Н И К
## од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 август 2020 година

Скопје, август 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 август 2020 година

Седницата на Владата што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Оливера Нечовска и Снежана Наџаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и м-р Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Хусни Исмаили, министер за култура и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 78-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јули 2020 година

- Усвојување на Записникот од 80-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2020 година

1. Записник од Сто и дванаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 август 2020 година

2. Записник од Сто и тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 август 2020 година

3. Записник од Сто и четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 август 2020 година

4. Записник од Сто и петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 август 2020 година

5. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, со Предлог - одлука

6. Информација за одобрување на ревидирана Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, со Предлог - одлука

7. Информација за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со предлог - одлуки

8. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државна фитосанитарна лабораторија, со Предлог - одлука

9. Барање за донесување на одлука за отстапување на 150.000 литри „Еуродизел БС“ гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог - одлука

10. Информација за преземените активности во Централен регистар на Република Северна Македонија за промовирање на можноста физичките лица електронски да вршат регистрација на фирма преку системот за е-регистрација со користење на дигитален сертификат и степен на искористеноста на оваа можност

11. Годишна сметка за 2019 година, Годишен извештај за работењето во 2019 година, Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево”- Битола, со предлог - одлуки

12. Предлог - одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи

13. Информација за работењето на Владиниот контакт центар за информации за економските и други поврзани мерки донесени за справување со негативните економски и социјални последици од Ковид со известување за поплаките од граѓаните и анализа на проблемите и отворените прашања

14. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Ибраим Адеми против Република Северна Македонија А.бр. 27678/17 и 19 други апликации

15. Информација со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година и предлог - протоколи, со Записник од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство

16. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година

17. Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година

18. Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година

19. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година

20. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година, со Извештај на независниот ревизор

21. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У бр.201/2020 година од 24 јуни 2020 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 3 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/2020), донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-5004/1 од 5 јуни 2020 година

22. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот„2001“ од член 4 став 2 од Законот за Агенција на Република Северна Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2001)

23. Иницијатива од Викторче Миленковски од Делчево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 256 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019)

24. Иницијатива од Катерина Поповска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.226/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2011).

25. Понуда од нотар Стела Лазаревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192565 за КО Драчево на КП бр.785 викано место/улица Јурија

26. Понуда од нотар Стела Лазаревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4812 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.2394 дел 1 викано место/улица Р. Ковачевиќ

27. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93483 за КО Битола 4 на КП бр.9551 викано место/улица Браќа Миладиновци 35

28. Кадровски прашања

29. Прашања и предлози

30. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ)

31. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови

32. Извештај за финансиското работење на ЈП "Стрежево" - Битола за првото тримесечје од 2020 година, од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

33. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Национални шуми, за период април - јуни 2020 година

34. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

35. Извештај за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2019 година

36. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни година

37. Информација за статусот на поврзување со Централниот регистар на население, со Акциски план

38. Информација за работењето на Компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2018 година усвоени од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови на седницата одржана на 23.12.2019 година

39. Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари до 30 јуни 2020 година

40. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2019 година

41. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со јуни 2020 година на ТАВ Македонија

42. Информација за работа на Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2019

43. Извештај за работата на Државниот инспекторат за локална самоуправа за 2019 година

44. Информација за исплата на пензии за август 2020 година

45. Информација во врска со потребата од продолжување на основна обука за полицаец во Центарот за обука во Министерството за внатрешни работи со Предлог – протокол за спроведување на основна обука за полицаец во услови на постоење на Коронавирус Covid-19

46. Информација за навремена и редовна исплата на парични права од социјална заштита, заштита на децата и згрижувачките семејства, за корисници кои биле клиенти на „Еуростандард банка“ АД Скопје

47. Информација за преземени соодветни активности за надминување на дадени ситуации, предизвикани од COVID - 19 и непречена делумна реализација на Акциониот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2020 година за поднесување барања и издавање на изготвени пасоши преку дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана

*

*     *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 78-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јули 2020 година и Записникот од 80-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2020 година**

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и дванаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 август 2020 година.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Записникот од Сто и тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 август 2020 година и Записникот од состанок на Комисијата за заразни болести, одржан на 18 август 2020 година, заедно со Информацијата со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година, доставена од Министерството за образование и наука и врз основа на заклучоците од Комисијата за заразни болести и предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Сто и тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 август 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести, во однос на наставата во основните и средните училишта во Република Северна Македонија да се организира и одржува од далечина (он-лајн), со следниве исклучоци:

1) Учениците од прво до трето одделение да посетуваат настава со физичко присуство во училница, согласно капацитетите на училиштата за спроведување на планот и протоколите на Министерството за образование и наука и со одобрување од родителите.
За учениците кои имаат хронични болести, наставата да се одвива преку далечина (он-лајн).

2) Настава со физичко присуство во училница може да се реализира во училиштата со обезбедени санитарно – хигиенски услови за одржување на општа и лична хигиена наведени во Протоколите, согласно епидемиолошката состојба во подрачјето/општината, но само доколку основачот на училиштето поднесе барање до Министерството за образование и наука со образложение за исполнетоста на критериумите и условите согласно протоколите и исклучиво по добиена согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија, по претходно добиено позитивно мислење од Министерството за образование и наука и Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

3) Во училиштата кои има паралелки во кои се одвива дуално образование, практичниот дел од наставата, во компаниите, да се одвива со физичко присуство

на работно место, со почитување на општите протоколи за заштита и на протоколите на компаниите каде се изведува практичната настава.

3. За родителите на деца кои се запишани во училиште и се до 10 годишна возраст, а во моментот се ослободени од работа и работни активности преку користење на мерките донесени од страна на Владата, да се разгледа можноста да се обезбеди финансиска поддршка за работодавачите, преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија или преку нов пакет на економски мерки, имајќи предвид дека истите ќе продолжат да бидат ослободени од работа и работни обврски доколку нивните деца следат настава со физичко присуство, или пак, настава преку далечина (он-лајн).

Дополнително, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација, да ги разгледаат можностите да се предвиди и извршување на работа со скратено работно време или работа во смена за оваа категорија на лица кои во овој момент се ослободени од извршување на работа и работни активности со физичко присуство на работното место.

Имајќи ги предвид горенаведените заклучоци, Министерството за образование и наука, во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви и за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, што ќе се одржи во текот на оваа недела, да достави финални, усогласени планови и протоколи за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година (начин на организирање на наставата, електронска платформа за учење на далечина, носење на лична заштита, број на ученици во училница, број на одделенија/класови и слично, согласно трите модели за одржување на настава).

## <u>Точка 3</u>

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 август 2020 година.

## <u>Точка 4</u>

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 август 2020 година.

## <u>Точка 5</u>

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии (негативно во однос на доставените акти за работењето на Друштвото во 2019 година, со оглед дека истото има остварено негативен финансиски резултат).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2019 година до 31.12. 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии (негативно во однос на доставените акти за работењето на Друштвото во 2019 година, со оглед дека истото има остварено негативен финансиски резултат).

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2019 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во

државна сопственост-Скопје за 2019 година (Шеваљ Цеку-извршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2019 година (Јасна Оровчанец -Арангеловиќ - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2019 година (Булент Камбер - претседател на Одборот на директори), во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2019 година (Сања Цековска - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2019 година (Светлана Тодоровска - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии (негативно во однос на доставените акти за работењето на Друштвото во 2019 година, со оглед дека истото има остварено негативен финансиски резултат).

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог – одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство- Државна фитосанитарна лабораторија, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за донесување на одлука за отстапување на 150.000 литри „Еуродизел БС“ гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог - одлука, со заклучок истото да се разгледа по избор на новиот состав на Владата.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности во Централен регистар на Република Северна Македонија за промовирање на можноста физичките лица електронски да вршат регистрација на фирма преку системот за е-регистрација со користење на дигитален сертификат и степен на искористеноста на оваа можност, со експлоративна анализа, ја усвои Информацијата и му препорача на Централниот регистар на Република Северна Македонија да продолжи со активностите за промовирање на можноста физичките лица електронски да вршат регистрација преку системот за е – регистрација, а за овие активности да го извести Министерството за финансии до крајот на декември 2020 година.

**Точка 11**

Владата по Годишната сметка на ЈП „Стрежево" - Битола за 2019 година, Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево" - Битола за 2019 година и Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на ЈП „Стрежево"- Битола за 2019 година, со предлог - одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Стрежево" - Битола за 2019 година, во предложениот текст и

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево" - Битола за 2019 година, во предложениот текст.

Исто така, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање во насока надлежните органи на претпријатието да постапат согласно наодите и укажувањата од независниот ревизор и да преземат мерки и активности за надминување на загубата, подмирување на обврските кои се настанати во изминатиот период, како и подобрување на наплатата на побарувањата.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Владиниот контакт центар за информации за економските и други поврзани мерки донесени за справување со негативните економски и социјални последици од Ковид - 19 со известување за поплаките од граѓаните и анализа на проблемите и отворените прашања ја усвои Информацијата и ги задолжи надлежните институции при подготовката на Четвртиот пакет на мерки за справување со негативните економски и социјални последици од Ковид 19 да ги земат во предвид забелешките и поплаките на граѓаните, сумираните податоци од досегашните мерки, како и можните ризици.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Ибраим Адеми против Република Северна Македонија А. бр. 27678/17 и 19 други апликации (нов текст), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средствата да бидат исплатени најдоцна до 30 септември 2020 година.

## Точка 15

Владата ги разгледа Записникот од Сто и тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 август 2020 година и Записникот од состанок на Комисијата за заразни болести, одржан на 18 август 2020 година, заедно со Информацијата со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година, доставена од Министерството за образование и наука и врз основа на заклучоците од Комисијата за заразни болести и предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Сто и тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 август 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести, во однос на наставата во основните и средните училишта во Република Северна Македонија да се организира и одржува од далечина (он-лајн), со следниве исклучоци:

1) Учениците од прво до трето одделение да посетуваат настава со физичко присуство во училница, согласно капацитетите на училиштата за спроведување на планот и протоколите на Министерството за образование и наука и со одобрување од родителите.
За учениците кои имаат хронични болести, наставата да се одвива преку далечина (он-лајн).

2) Настава со физичко присуство во училница може да се реализира во училиштата со обезбедени санитарно – хигиенски услови за одржување на општа и лична хигиена наведени во Протоколите, согласно епидемиолошката состојба во подрачјето/општината, но само доколку основачот на училиштето поднесе барање до Министерството за образование и наука со образложение за исполнетоста на критериумите и условите согласно протоколите и исклучиво по добиена согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија, по претходно добиено позитивно мислење од Министерството за образование и наука и Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

3) Во училиштата кои има паралелки во кои се одвива дуално образование, практичниот дел од наставата, во компаниите, да се одвива со физичко присуство на работно место, со почитување на општите протоколи за заштита и на протоколите на компаниите каде се изведува практичната настава.

3. За родителите на деца кои се запишани во училиште и се до 10 годишна возраст, а во моментот се ослободени од работа и работни активности преку користење на мерките донесени од страна на Владата, да се разгледа можноста да се обезбеди финансиска поддршка за работодавачите, преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија или преку нов пакет на економски мерки, имајќи предвид дека истите ќе продолжат да бидат ослободени од работа и работни обврски доколку нивните деца следат настава со физичко присуство, или пак, настава преку далечина (он-лајн).

Дополнително, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација, да ги разгледаат можностите да се предвиди и извршување на работа со скратено работно време или работа во смена за оваа категорија на лица кои во овој момент се ослободени од извршување на работа и работни активности со физичко присуство на работното место.

Имајќи ги предвид горенаведените заклучоци, Министерството за образование и наука, во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви и за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, што ќе се одржи во текот на оваа недела, да достави финални, усогласени планови и протоколи за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година (начин на организирање на наставата, електронска платформа за учење на далечина, носење на лична заштита, број на ученици во училница, број на одделенија/класови и слично, согласно трите модели за одржување на настава).

## Точка 16

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година и притоа го утврди следното мислење

Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година е подготвен согласно член 158-п од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 88/2005, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 7/2012, 30/2012, 45/2012, 60/2012, 64/2012, 23/2013, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019 и 31/2020), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година, презентирани се активностите на Агенцијата поврзани со нормативната дејност, издавање и одземање дозволи, согласности, лиценци, вршење супервизија на учесниците на пазарот на осигурување, заштита на потрошувачи, едукација и организирање обуки.

Во делот на регулативата, во 2019 година, донесени се 16 правилници во делот на лиценцирање и од областа на сметководство и финансиско известување на друштвата за осигурување и/или реосигурување. Исто така, за предвидување на неповолните настани, во 2019 година е усвоена и Стратегија за управување со ризици за 2020 – 2022 година.

Агенцијата спроведувала супервизија на осигурителните субјекти преку перманентна вонтеренска супервизија со прибирање и анализирање на доставените извештаи и информации и преку теренска (целосна или делумна) супервизија. Согласно Извештајот, во текот на 2019 година, Агенцијата има спроведено 7 делумни теренски супервизии, врз основа на кои има издадено 39 наредби за отстранување на незаконитости. Врз основа на вонтеренската супервизија, Агенцијата има изречено 11 наредби за отстранување на незаконитости и 8 дополнителни мерки на супервизија кон друштвата за осигурување.

Во делот на лиценцирањето, во 2019 година, Агенцијата има издадено 4 дозволи за вршење на осигурително брокерски работи, 11 дозволи за воведување нова класа на осигурување, 24 согласности за вршење функција член на орган на управување, 16 согласности за измена на Статут и други согласности. Исто така, Агенцијата во 2019 година има издадено 410 лиценци за застапници во осигурувањето и 53 лиценци за осигурителни брокери. Во 2019 година се одземени 68 лиценци за застапник во осигурување и 1 дозвола за вршење на осигурително брокерски работи.

Во насока на постигнување високо ниво на заштита на потрошувачите, во текот на 2019 година, Агенцијата ги продолжила активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни производи на осигурување. Во текот на 2019 година, до Агенцијата се поднесени 96 претставки од кои 73 претставки се решени (27 во корист на подносителите на претставките, 9 претставки се без основа за постапување и 14 се во процес на решавање).

Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година ги извршувала своите активности и преземала мерки за непречено функционирање на осигурителниот сектор, поради што Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година.

**Точка 17**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај се доставува во функција на исполнување на обврската утврдена во член 11 ставови (1) и (2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 153/19), во кои е утврдено дека Агенцијата за електронски комуникации за својата работа дава отчет пред Собранието на Република Северна Македонија со доставување на извештај за својата работа, а извештајот од ставот (1) на овој член Агенцијата е должна да го достави до Собранието на Република Северна Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година.

Согласно став 3 од овој член, извештајот од ставот (1) на овој член содржи: а) Годишен извештај за работа на Агенцијата за претходната година и б) Годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година.

Согласно ставот (4) од овој член, Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) особено содржи: Извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во Република Северна Македонија во претходната година; Извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за претходната година; Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, Ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и од Државниот завод за ревизија, доколку има извршено ревизија, при што во прилог на ревизорскиот извештај се доставува и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија и Извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.

Согласно ставот 5) од овој член, со Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член се утврдуваат задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни наредната година, согласно со овој закон и истата особено треба да содржи: програма на планирани активности за наредната година и финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година.

Според став 6) на овој член, Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) точка а) на овој член го усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 март во тековната година.

Согласно ставот (7) од овој член, Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член ја усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 декември во тековната година, а според ставот 8 е наведено дека Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член може во текот на годината да се измени, по постапка предвидена за нејзиното донесување.

Согласно член 19 алинеи 3 и 4 од истиот закон, Комисијата донесува одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година и донесува одлука за усвојување на Годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година.

Од доставениот Извештај за развојот на пазарот за 2019 година, може да се забележи дека во однос на претходната 2018 година, имало зголемување од 7,68% во користењето на фиксниот бродбенд. Имено, бројот на претплатници на фиксен бродбенд од 404.027 во 2018 година, се зголемил на 435.060 во 2019 година. Зголемување од 2.96% се забележува во користењето на мобилниот интернет (2G, 3G, 4G).

Според податоците, граѓаните најмногу го користеле интернетот со пристапна брзина помеѓу 20 Mbs и 30 Mbs. Споредено со Извештајот од 2018 година за претходно спомнатата брзина бројот на претплатници изнесувал 31.284, а во 2019 тој број изнесува 112.896 претплатници, што претставува неколкукратно зголемување. Исто така може да се забележи дека бројот на претплатници за брзините под 16 Mbs се намалува.

Во делот Удел на број на претплатници по пристап на технологии, треба да се потенцира дека најголем процент им припаѓа на оние претплатници со пристап на интернет преку јавна CaTV мрежа со процент 34.96%, додека уделот на претплатниците на пристап до интернет преку оптичката мрежа за 2019 година, изнесува 13.18% од вкупниот број претплатници. Од претходно достапните податоци, може да се констатира зголемување на уделот на претплатници преку оптичка мрежа кој за 2018 година изнесувал 10.93%. Ова укажува на зголемени инвестиции на операторите во оптички мрежи што е за поздравување.

Во делот Индикатори - пренос на радио и ТВ сервиси, може да се забележи благ пад на бројот на претплатници на кабелска телевизија, додека пак бројот на претплатници за IPTV за 2019 година бележи раст од 8.29%, за DVB-T раст од 8.58%, а за сателитска раст од 2.49%.

Согласно последниот извештај на Европската комисија за развојот на земјата, Европската Унија го поддржува правилното функционирање на внатрешниот пазар за електронски комуникации, истакнувајќи дека правилата ги штитат потрошувачите и поддржуваат универзална достапност на современи услуги. Во таа насока се цени дека Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година, ги следи активностите, целите и задачите за развојот на електронски комуникации во земјата, согласно Законот.

Согласно доставениот извештај, Агенцијата за електронски комуникации во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година има остварено приходи во вкупен износ од 510.760.795 денари, од кои најголем дел или 403.359.251 денари се приходи од надоместок за користење на радиофреквенции. Споредено со претходната година, кај приходите постои зголемување од 7,36%.

Во расходниот дел, претпријатието во 2019 година има реализирано износ од 365.495.642 денари, што претставува зголемување од 28,52% во однос на износот на расходи прикажан во 2018 година. Зголемувањето на расходите во однос на претходната година произлегува пред се од износот на пренесени средства наменети за финансирање на дејноста на Оперативно техничката агенција (58.998.882 денари).

Во прилог на материјалот е доставен Извештај на независен ревизор, во кој е дадено мислење со резерва во делот кој се однесува на евидентирање на побарувањата и можноста за нивна наплатливост. Во однос на наведеното, потребно е членовите на Комисијата за електронски комуникации да ја информираат Владата на Република Северна Македонија за преземените активности во однос на постапување по забелешките на ревизорот.

Согласно член 29, став 8 од Законот за електронски комуникации, нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив да се користат за развој на електронски комуникации и информатичко општество, како и за други работи од значење за Републиката, утврдени со финансискиот план на Агенцијата. Во однос на наведеното, се укажува на потребата во материјалот да биде содржано подетално образложение за нереализираните средства, односно да биде образложено дали наведените средства се вклучени во проектираниот износ на приходи за 2020 година, како и видот на активности кои е планирано да се реализираат со истите.

Со предложениот Годишен финансиски план за 2020 година, Агенцијата за електронски комуникации планира приходи во износ од 520.550.000 денари, од кои најголем дел, односно 414.500.000 денари се приходи од надоместок за користење на радиофреквенции. Во делот на расходната страна, Агенцијата има планирано износ од 520.550.000 денари, од кои позначајни износи се планирани за интелектуални и други услуги (56.363.000 денари), пренесени средства на други субјекти (66.950.000 денари), расходи за опрема (128.803.934 денари) и трошоци за плати (163.200.000 денари).

Во врска со реализираните непродуктивни трошоци во 2019 година, како и планот на истите за 2020 година (издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, дневници за службени патувања и патни трошоци, надоместоци на трошоци на вработени и граѓани), се цени дека е потребно да се преоцени зголемувањето на износот кај овие расходи.

## Точка 18

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година на предлог на Министерство за информатичко општество и администрација, поради потребата од доставување на ново мислење по предметниот материјал.

## Точка 19

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година е подготвен согласно член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, врз основа на кој Агенцијата има обврска до 30 јуни во тековната година до Собранието на Република Северна Македонија да достави на усвојување Годишен извештај за работењето на Агенцијата за претходната година.

Согласно Годишниот извештај, Агенцијата, во 2019 година се грижела за правата и интересите на 507.556 членови во задолжителните пензиски фондови и 25.181 членови во доброволните пензиски фондови. Вкупната вредност на фондовите, во 2019 година изнесува 1,26 милијарди евра.

Во Извештајот се презентирани реализираните активности од страна на Агенцијата во 2019 година поврзани со нормативната дејност, супервизијата на пензиските друштва и пензиските фондови и активностите за организирање на обуки и регистрација на агенти на пензиските друштва, како и активности поврзани со развивање на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување. Според Извештајот, Агенцијата во 2019 година, издала лиценца за управување со задолжителен пензиски фонд на трето пензиско друштво, како и дала 25 согласности/одобренија кои се однесуваат на измени на Статут на пензиски фонд и одобренија за избор на лица со посебни овластувања и одговорности во пензиските друштва.

Во 2019 година Агенцијата продолжила со континуирана вонтеренска и теренска контрола на работењето на пензиските друштва, на задолжителните пензиски фондови и доброволните пензиски фондови, при што издала 6 укажувања и 22 препораки за подобрување на работењето на друштвата и нивното управување со средствата на пензиските фондови. При вршење на контролите, Агенцијата нема забележано поголеми неправилности во субјектите предмет на контрола, констатираните неправилности се веднаш отстранети по укажување од страна на Агенцијата. Во рамките на Агенцијата функционира Комитет за ризици, кој ги следи спроведените контроли и ги анализира записниците од спроведените контроли, ги разгледува финансиските извештаи на пензиските друштва, извештаите за внатрешна ревизија, итн.

Како и во изминатите години, Агенцијата продолжила со едукативната кампања, со цел финансиска едукација и развивање на свеста кај младите за значењето на пензиското штедење. Со одлука на Собранието на Република Северна Македонија, на 26.6.2018 година се формира нов состав на Советот на експерти на Агенцијата, истиот состав продолжи со работа и во текот на 2019 година. Советот на експерти и во текот на 2019 година ги вршел истите функции доделени со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, работењето на Агенцијата се финансира од надоместоците кои Агенцијата ги наплатува од пензиските друштва, чија висина ја утврдува Советот на експерти додека согласност дава Собранието на Република Северна Македонија и тие се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 245/2018) и Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија " бр. 180/2019), Агенцијата во текот на 2019 година донела подзаконски акти за спроведување на овие законски одредби. Согласно овие законски измени, Агенцијата спровела активности на информирање на членовите за измените во однос на нивното членство во задолжителните пензиски фондови.

Агенцијата, во период од 1.7.2019 до 30.9.2019 година, спровела информативна кампања под мотото „Кој се грижи за твојата иднина", со цел информирање на јавноста за измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со кои се направени промени на критериумите за членство во задолжителен пензиски фонд. Во континуитет од 2016 година, Агенцијата и во 2019 година го одбележува „Денот на пензиската свесност – 15 септември", како дел од активностите за информативната кампања.

Во текот на 2019 година, Агенцијата организирала две редовни испитни сесии за агенти (мај и ноември) и две дополнителни испитни сесии (август и септември), по барање на пензиските друштва. Агенцијата извршила регистрација на 145 агенти и обнова на регистрација на 388 агенти, додека 8 агенти се избришани од регистар на агенти.

Во април 2019 година, Агенцијата издала дозвола за работа на трето пензиско друштво во Република Северна Македонија, Триглав Пензиско Друштво А.Д. Скопје.

Согласно погоре изнесеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки на Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2019 година.

## <u>Точка 20</u>

Владата ги разгледа финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година, со Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следново мислење:

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19), најдоцна до 30 јуни во тековната година, доставува финансиски извештаи за претходната година ревидирани од надворешен овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди до Собранието на Република Македонија.

Документот доставен на мислење содржи Извештај од независен ревизор по однос на извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата, финансиски извештаи на Агенцијата што ги вклучува и билансот на приходи и расходи за деловната 2019 година, билансот на состојба на 31 декември 2019 година, како и преглед на значајни сметководствени политики и други белешки.

Согласно мислењето на овластениот ревизор, финансиските извештаи објективно ја презентираат финансиската состојба, како и финансиска успешност на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, за 2019 година, во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Во финансиските извештаи на Агенцијата за 2019 година, се прикажани билансот на приходи и расходи со состојба од 1 јануари до 31 декември 2019 година, биланс на состојба заклучно со 31 декември 2019 година и белешки кон финансиските извештаи за подетално појаснување на одделни позиции дадени во финансиските извештаи.

Според Билансот за приходи и расходи за 2019 година, вкупните приходи на Агенцијата изнесуваат 77.595.685 денари, вкупните расходи 49.457.492 денари, додека добивката пред и после оданочување изнесува 28.138.193 денари. Според Билансот на состојба, заклучно со 31 декември 2019 година, вкупните средства на Агенцијата изнесуваат 131.708.411 денари.

Во дадените белешки, се нотира дека од вкупните приходи 76.560.711 денари се приходи остварени по однос на надоместоци кои ги наплатува Агенцијата од пензиските друштва. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува од пензиските друштва 0,8% месечен надоместок од вкупниот придонес уплатен во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат пензиските друштва. Врз основа на Закон, овој надоместок е утврден со Одлука за висина на месечниот надомест за 2019 година што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2019). Исто така, Агенцијата наплатува надоместоци од пензиските друштва и за

други услуги, врз основа на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2014). Во однос на вкупните расходи, најголеми износи претставуваат следните ставки: плати, персонален данок и придонеси од плати за вработените на Агенцијата со износ од 25.392.681 денари, други капитални средства со износ од 7.018.894 денари, издатоци за реклама и репрезентација со износ од 4.281.094 денари, интелектуални услуги со износ од 2.757.678 денари, дневници за службени патувања и патни трошоци со износ од 1.116.566 денари, наемнини со износ од 680.848 денари. Во 2019 година Агенцијата оствари вишок на приходи над остварени расходи, кој во целост се распределува во резервен фонд на Агенцијата. За 2019 година нето добивката изнесува 28.138.193 денари, додека акумулираната нето добивка изнесува 101.904.327 денари.

Вкупните приходи на Агенцијата во 2019 година во однос на претходната година се зголемени за 23,7% што се должи на законските измени на критериумите за членување во задолжителните пензиски фондови, зголемување на бројот на членови во вториот и третиот пензиски столб и зголемување на просечната бруто плата во Република Северна Македонија. Вкупните расходи во 2019 година се зголемени за 4.840.573 денари или за 10,9% во однос на претходната година.

Порастот на расходната страна на Агенцијата се должи на позначително зголемување на расходите за реклама и репрезентација за одбележување на настанот „Ден за пензиска свесност", расходи за набавка на две возила на лизинг, како и расходите за патни трошоци и дневници за службени патувања во странство за учество на вработените на обуки и семинари.

Според мислењето на овластениот независен ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување објективно ја презентираат од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата.

Владата на Република Северна Македонија во рамките на своите надлежности нема забелешки на финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година.

**Точка 21**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У. бр.201/2020 година од 24 јуни 2020 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 3 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.149/2020), донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-5004/1 од 5 јуни 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 7 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.82/2018), високото образование се темели на автономија, во согласност со Уставот, ратификуваните меѓународни договори и со Законот за високото образование. Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академска автономија.

Автономијата на високообразовните установи ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во којашто дејствуваат.

За време на здравствената криза и одвивањето на целокупната високообразовна дејност се соочи со бројни предизвици. Во изнаоѓањето на соодветни решенија за нивно надминување или ублажување, водени пред се од заштитата на здравјето и животите на студентите и вработените на високообразовните установи, предност се дава на што поквалитетно стекнување на квалификациите на студентите коишто треба да им обезбедат основа за вработување, заработка и напредување во кариерата. Во тие рамки, изборот на раководните органи на високообразовните установи не е суштествено ниту за високообразовната дејност, ниту за квалификациите за студентите. Сите високообразовни установи се соочуваат со многу позначајни предизвици кои се поврзани со организирање на наставата, обучување на кадарот, одговор на барањата на студентите, отколку со избор на раководни органи.

Со оспорениот член 3 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.149/2020), донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-5004/1 од 5 јуни 2020 година само се одложува изборот на раководните органи на високообразовните установи за одреден период како неприоритетен и со тоа не се нарушува ниту автономијата на Универзитетот, особено ако се имаат предвид одредбите од член 13 од Законот за високото образование за неприкосновеност на автономијата, ниту пак владеење на правото.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека одредбите од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба се во согласност со членовите 8, 9, 46, 47, 51 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за запирање на постапката за оценување на уставноста и законитоста на членот 3 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.149/2020).

**Точка 22**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.38/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот„2001“ од член 4 став 2 од Законот за Агенција на Република Северна Македонија за управување со средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2001), поради потребата мислење по истата да достави Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за законодавство, откако истиот претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Викторче Миленковски од Делчево, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 256 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 256 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019 и 275/2019), од причина што подносителот на истата смета дека со оваа одредба се прави дискриминација на лицата со интелектуална попреченост, поради тоа што се ограничени во правото да поднесат барање еднаш во период од пет години за набавка на патнички автомобил со купопродажна вредност до 10.000 евра во денарска противвредност, односно со купопродажна вредност до 20.000 евра во денарска противвредност, доколку во возилото е вградена дополнителна опрема која овозможува лицето самостојно да го управува возилото како што се автоматски или полуавтоматски менувач, рачни команди кои ги заменуваат ножните команди, хидраулична дигалка за инвалидска количка или пристапна рампа за влез во возилото за што се доставува и доказ од овластена компанија која ја вградила таквата специјализирана опрема, а како што е наведено во предметната иницијатива истото е во спротивност со одредбите од членовите 8, 9 и 35 од Уставот на Република Северна Македонија.

По однос на предметната иницијатива за оценување на уставноста на член 256 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019 и 275/2019), разгледани се наводите во Иницијативата и релевантните прописи, со цел за оцена на правните аргументи по однос на истата.

Имено, согласно со член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од

полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/2019 и 275/2019), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/2019 и 275/2019), се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22). Со овој закон, во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост, се овозможи рефундирање на средства за набавка на патнички автомобили.

Со одредбите од член 256 се овозможува рефундирање на средства платени како црински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лице со тешка и најтешка телесна попреченост, лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, потполно слепо лице со придружник и потполно глуво лице. Подносител на вакво барање може да биде самото лице или неговиот брачен другар, родител, дете или друг роднина кој живее со лицето и помеѓу нив постои должност за издржување согласно со Законот за семејството,

односно старател, а ќе се користи исклучиво за потребите на лицето за превоз и полесна социјална интеграција во заедницата.

Оваа одредба има за цел да овозможи социјализација на овие лица поради што цената за набавка на патнички автомобил е ограничена на купопродажна вредност до 10.000 евра во денарска противвредност што претставува просечна цена на автомобили од ниска и средна класа на автомобили.

Имајќи предвид дека во случаите каде горе споменатата категорија на корисници самостојно би го користеле возилото или поради нивната специфична здравствена состојба е потребно вградување на дополнителна специфична опрема, во членот 256 став 2 се допрецизира специфичноста на опремата „автоматски или полуавтоматски менувач, рачни команди кои ги заменуваат ножните команди, хидраулична дигалка за инвалидска количка или пристапна рампа за влез во возилото за што се доставува и доказ од овластена компанија која ја вградила таквата специјализирана опрема“. Од причини што специфичната опрема во суштина би значело и дополнителни трошоци и повисока цена на возилото од вообичаената, во членот 256 став 2 од Законот е предвиден исклучокот каде е дозволена купопродажната вредност на патнички автомобил до 20.000 евра во денарска противвредност.

Наведениот исклучок не претставува дискриминација по однос на попреченост на лицата, туку исклучок по однос на воочена потреба па согласно наведените причини се смета дека не преставува дискриминација на лицата со интелектуална попреченост, а е во согласност со начелата на социјалната заштита, утврдени со Законот за социјалната заштита.

Врз основа на наведеното, член 256 став 2 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 256 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019), е во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 256 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019 и 275/2019).

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Катерина Поповска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.226/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.53/2011) и притоа го утврди следново мислење:

Во текстот на поднесената иницијатива се истакнува дека со оспорените законски одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување повреден е членот 8 став 1 алинеја 8, од Уставот на Република Северна Македонија, односно повредени се хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, како темелни вредности на уставниот поредок, на начин што законодавецот го условил правото на здравствена заштита со околноста дали Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија склучил договор со определена здравствена установа. На овој начин законодавецот засегнал во правото на граѓаните слободно да определат во која здравствена установа ќе ги користат основните здравствени услуги, како и нивното право слободно да го изберат својот лекар. Понатаму, во поднесената иницијатива се нагласува дека законодавецот му дал дискреционо право на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да одлучи, преку склучување на договори, во кои здравствени установи осигурениците ќе имаат право да ги користат здравствените услуги кои паѓаат на товар на Фондот, односно се доведува во прашање уставно и законски гарантираното право на граѓаните како и правото слободно, по сопствен избор да се определат во каков вид на здравствена установа ќе го остварат правото на здравствено осигурување.
Овие наводи во иницијативата се неточни, неосновани и Министерството за здравство веќе има дадено образложение и аргументи на претходно поднесените иницијативи до Уставниот суд на Република Македонија со кои се оспоруваат истите одредби, дека со оспорените законски одредби не се повредени ниту одредбите од Уставот на Република Македонија ниту се ограничени правата на граѓаните во делот на остварувањето на здравствената заштита.

Имено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.53/11) членот 9 во ставот 2 се измени и според истиот основните здравствени услуги Фондот ги обезбедува на осигурените лица во здравствените установи утврдени со мрежата на здравствени установи, во која се врши здравствената дејност, согласно со прописите од областа на здравствената заштита, во висина на утврдени цени со општ акт на Фондот, на кој министерот за здравство дава согласност. Со преодните и завршните одредби на овој закон е предвидено дека оваа одредба ќе се применува по утврдувањето на мрежата на здравствени установи согласно со Законот за здравствената заштита.

Со Законот за здравствената заштита се утврдува нов приод кон фактичката состојба со дистрибуцијата на здравствени установи на ниво на општини, кадарот и опремата со кои располагаат како и оптималниот стандард кој треба да биде задоволен на одреден број население, а сѐ со цел да се согледаат пределите со недоволен опфат со здравствена заштита, потребата за рационализација на

одредени сегменти од здравствена заштита и подобрување на состојбите и квалитетот на здравствената заштита преку обезбедување на поголема достапност на истата до населението. Во Министерството за здравство се изработени подзаконски акти со кои се предвидува број, вид и распределеност на здравствените установи, како и кадровската структура, обезбеденоста на установите од јавно здравство со опрема и обезбеденоста на населението со соодветни здравствени услуги.

Со утврдување на новите критериуми и нормативи за правилно планирање и управување со ресурсите, се очекува подобрување на состојбите во здравството, рационализација на трошоците во здравството, подобрување на квалитетот и достапноста на здравствените услуги и зголемување на задоволството на пациентите и здравствените работници.

Целта е да со правилно планирање и управување со ресурсите во здравството, здравствените услуги станат достапни до сите жители на државата, притоа ќе се заштедат непотребни трошоци и ќе се придонесе за подобрување на квалитетот на здравствена заштита на сите категории од населението.

Мерки за одредување на мрежата се: вкупниот број на жители во Република Северна Македонија, вкупниот број на осигурени лица во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, демографските карактеристики на жителите, здравствената состојба на населението, социјалната структура на населението, гравитирачки број на население, карактеристики на одредени подрачја, расположивост на здравствените ресурси, влијание на околината на здравјето на населението и економската моќ на населението.

Според член 4 од Уредбата за мрежата на здравствени установи, со мрежата, меѓу другото, се определува максималниот број на здравствени установи, тимови или услуги на ниво на општини, на ниво на региони или на ниво на Република Северна Македонија. За доделување на лиценца на нова установа, тим или услуга во мрежата, Министерството за здравство спроведува постапка за доделување на лиценца согласно Законот за здравствената заштита.

Од тука произлезе и изменувањето на одредбите од Законот за здравственото осигурување во насока на потребите и оправданоста од склучувањето на договори на Фондот со здравствените установи кои се опфатени во мрежата и согласно тоа успешно спроведување на здравственото осигурување, односно здравствените услуги опфатени со здравственото осигурување. Со утврдувањето на мрежата на здравствените установи се обезбедува целосен опфат на здравствените услуги според соодветните потреби на осигурените лица. Со ова дополнување во законскиот текст произлегува обврската за Фондот да обезбеди користење на здравствени услуги во сите здравствени установи, согласно вкупниот број на жители во Република Северна Македонија, вкупниот број на осигурени лица во Фондот за здравствено осигурување, демографските карактеристики на жителите, здравствената состојба на населението итн. Согласно тоа, сите здравствени услуги кои се извршени во здравствени установи кои се надвор од мрежата, ќе бидат на

товар на личните средства на осигуреникот. Задолжителното здравствено осигурување ги финансира здравствените услуги кои се извршуваат во здравствените установи кои се дел од мрежата на здравствените установи.

Со оглед дека со оспорените одредби од членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, се работи за процедурално прашање, со кое законодавецот ги уредува и допрецизира внатрешните структури т.е. внатрешното ниво на услуги и начинот на нивно правно дејствување, се со цел да се има ред во постапката за лекување за да не се злоупотреби правото, а пред се здравјето на граѓанинот од страна на правните субјекти кои се носители на здравствената заштита и објективно и субјективно, а истите тие работат по одредени законски прописи кои им се достапни на граѓаните, се смета дека со оспорената законска одредба не е сторена повреда на наведените уставни одредби.

Согласно наведените законски одредби, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е од значителна важност за граѓанинот и е во функција да ги регулира правата и последиците од извршената здравствена заштита во здравствената установа, преземајќи го товарот од конкуренцијата на пазарот особено појавата на повеќето приватни установи кои самоиницијативно и по нивно убедување, необврзувачки, сакаат или не сакаат да склучат договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за да би можел секој граѓанин и во тие установи да добие здравствена заштита, пред се здравствена сигурност.

Согласно тоа, мрежата на здравствените установи во кои се врши здравствената дејност се предвидува во Законот за здравствената заштита и на предлог на министерот за здравство мрежата ја утврдува Владата на Република Северна Македонија. Одредбите од Законот за здравственото осигурување се надоврзуваат на одредбите од Законот за здравствената заштита и заедно претставуваат логична правна целина.

Од тука, констатацијата содржана во поднесената иницијатива дека Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија има дискреционо право да одлучи во кои здравствени установи осигурениците ќе користат здравствени услуги преку склучувањето и раскинувањето на договорите е неоснована од причина што утврдениот статус на Фондот како купувач на здравствени услуги не значи и тоа дека Фондот има дискреционо право да одлучува во врска со склучувањето на договорите. Согласно Законот за здравственото осигурување и Законот за здравствената заштита законска обврска на Фондот е да ги обезбеди основните здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи утврдени со мрежата на здравствени установи и притоа Фондот нема законско овластување да одлучува поинаку преку склучувањето на договорите. Во договорите што ги склучува Фондот со здравствените установи се уредува видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги според медицина базирана на докази, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги.

Понатаму, подносителот во Иницијативата навел погрешна содржина на членот 36 од Законот. Согласно овој член, средствата од учеството на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги, освен за лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, се плаќаат во здравствената установа и се приход на здравствената установа, а Фондот врши контрола на наплатените средства. Спротивно на ова, подносителот на иницијативата наведува дека учеството на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги е приход на Фондот.
Исто така, во содржината на иницијативата е наведено дека осигурениците се попречени сами да изберат лекар на кого најмногу му веруваат и од кого очекуваат коректна и пред се стручно компетентна здравствена заштита. Овие наводи не се точни од причина што со Законот за здравственото осигурување, а понатаму разработено со Правилникот за начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, е утврдено правото на избор на лекар од примарната здравствена заштита, без оглед на местото на живеење односно работа. Исто така, и во специјалистичко консултативната здравствена заштита осигуреното лице здравствените услуги ги користи во најсоодветната здравствена установа, а ако во таа здравствена установа има повеќе лекари од иста специјалност осигуреното лице самостојно може да се определи кај кој лекар специјалист ќе користи здравствена услуга. Што се однесува до болничката здравствена заштита, согласно Правилникот, осигуреното лице се упатува на болничко лекување во најблиската здравствена установа која врши соодветна болничка здравствена заштита. Од тука, јасно произлегува дека со законската и подзаконската регулатива не се попречуваат осигурениците во изборот на лекарот на кого најмногу му веруваат, туку дека со регулативата се овозможува стабилен и професионално поставен систем на здравствена заштита во кој јасно е предвидена патеката на движење на осигурениците почнувајќи од примарната, па се до болничката здравствена заштита, без при тоа да се доведува во ризик здравствената состојба на пациентите со отсуството на соодветно стручно и професионално насочување и упатување.

Имајќи го предвид горенаведеното како и решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2017 донесено, на седницата, одржана на 21 февруари 2018 година, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од членовите 2, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/11), се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 8 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на членовите 2, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/11).

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стела Лазаревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192565 за КО Драчево 2 на КП бр.785 викано

место/улица Јурији и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 26

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стела Лазаревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4812 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.2394 дел 1 викано место/улица Р. Ковачевиќ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 27

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93483 за КО Битола 4 на КП бр.9551 викано место/улица Браќа Миладиновци 35 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 28

**1**. Владата ја разреши Ивана Трајчевска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Ресен, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**2.** Владата ја разреши Соња Трифуновска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, на нејзино барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

**3.** Владата ја констатира оставката на Моника Зајкова, од должноста член на Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

## Точка 29

**1.** Владата во врска со Известувањето доставено од Царинската управа, под бр.02-043940/20-0001 од 14.8.2020 година, заклучи да се одржи координативен состанок на менаџерскиот тим на Царинската управа со менаџерскиот тим на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје со цел надминување на предметното прашање.

**2.** Владата во врска со Мислењето и Упатството за спроведување на прописите во однос на Предлог - детален урбанистички план Градска четврт Ц 01 – Мал Ринг 1, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024 заклучи истото да се разгледа на наредната седница на Владата.

**3.** Владата се информираше со Известувањето доставено од АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 5.8.2020 до 11.8.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа Барањето за спроведување на јавни набавки (училиштен мебел, информатичка и видео опрема и мерни инструменти и мерна опрема) доставено од Средното општинско стручно училиште „Илинден" – Илинден, под бр. 03-240/1 од 4 август 2020 година и даде согласност на Барањето.

**6.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември - Ден на независноста 2020 година, заклучи:

1) Организацискиот одбор за прославата на 8 Септември - Ден на независноста е предводен од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

Членови на организацискиот одбор се: заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, претставник на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претставник на Секторот за односи со јавност на Владата и претставник на одделението за протокол.

2) Владата на Република Северна Македонија да ја преземе организацијата на централната прослава на 8 септември 2020 година, која би била дневен настан во дворот на Владата на Република Северна Македонија со почеток од 10 до 11 часот, вклучувајќи го и официјалното обраќање на претседателот на Владата на Република Северна Македонија по повод 29 години од прогласувањето на независноста и самостојноста на Република Северна Македонија.

На централниот настан му претходи положување на цвеќе од страна на владина делегација на гробиштата на поранешните претседатели на државата Киро Глигоров и Борис Трајковски, со почеток во 8 часот.

За настанот е предвидено изведување на химната од страна на воениот оркестар.

3) Се задолжува Службата за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да подготви сценарио, наратив, лого за одбележување врз основа на

претходно утврден наратив за државни празници. Сценариото да го достави до сите засегнати институции како би отпочнале навремено со подготовки.

4) Се задолжува одделението за протокол при Владата на Република Северна Македонија да подготви покани, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови од настанот вклучувајќи положување на цвеќе и соодветна опрема.

5) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста според организацискиот план на Организацискиот одбор.

6) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски).

7) Се задолжува Јавното претпријатие Национална радио-телевизија, на 8 септември 2020 година да врши директен пренос од одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста, според деталното сценарио со саатници кое ќе го добијат од Организацискиот одбор.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да обезбеди заштитни средства за превенција од Коронавирусот за настанот.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали, техничка опрема, вода, говорница, знамиња и слично за одбележувањето на 8 Септември - Ден на независноста, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

10) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе на 8 Септември - Ден на независноста како и да обезбеди цветно уредување на бината.

11) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

12) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на 8 Септември - Ден на независноста.

13) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја за централната прослава.

14) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди чистење на локацијата пред Споменикот на бранителите во дворот на Владата на Република Северна Македонија.

15) Се задолжува Акционерското друштво за погребни и придружни активности - Бутел, преку Министерството за транспорт и врски да го исчисти гробните места на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски, каде свечено ќе се положува цвеќе.

16) Се задолжува Министерството за здравство на 8 септември 2020 година да обезбеди едно амбулантно возило на централната прослава во дворот на Владата во периодот од 10 до 11 часот.

17) Се препорачува на Град Скопје на 8 септември 2020 година да обезбеди едно противпожарно возило на централната прослава во дворот на Владата во периодот од 9 до 11 часот

**7.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за одобрение за привремено вработување на еден дипломиран инженер биолог и двајца дипломирани инженери по биологија - биохемија и физиологија, доставено од Македонската академија на науките и уметностите - Скопје, под бр.03-2104/1 од 17.8.2020 година, со заклучок истото да се разгледа по избор на новиот состав на Владата

**Точка 30**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) (најнов текст), како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево”- Битола за првото тромесечје од 2020 година од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи да се имаат предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, со препорака да се преземаат мерки и активности за надминување на загубата.

**Точка 33**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Национални шуми“, за период април - јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, со пропратни материјали, како материјал за информирање.

Исто така, да се имаат предвид мислењето на Министерството за финансии (негативно, со оглед дека истото има остварено негативен финансиски резултат).

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на поврзување со Централниот регистар на население, со Акциски план (нов текст), како материјал за информирање, со укажување, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2018 година, усвоени од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови, на седницата, одржана на 23.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со јуни 2020 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2019, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Државниот инспекторат за локална самоуправа за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за август 2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 25.8.2020 година.
2. Се препорачува на деловните банки од среда 26.8.2020 година да обезбедат пензионерите со августовските пензии да може да располагаат преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа.
3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- Во среда, на 26.8.2020 година исплата на пензии со висина до 11.000 денари;

- Во четвrток, на 27.8.2020 година исплата на пензии во висина од 11.001 денари до 14.000 денари;
- Во понеделник, на 31.8.2020 година исплата на пензии во висина од 14.001 денари до 18.000 денари;
- Во вторник, на 1.9.2020 година исплата на пензии во висина над 18.000 денари.

4. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, а се препорачува на деловните банки да обезбедат други дополнителни редовни исплати за корисниците на пензии кои се префрлени од „Еуростандард банка“ АД Скопје во другите деловни банки, со цел истите да може да располагаат со августовските пензии на 7.9.2020, 14.9.2020 и 25.9.2020 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од продолжување на основна обука за полицаец во Центарот за обука во Министерството за внатрешни работи, со Предлог - протокол за спроведување на основната обука за полицаец во услови на присуство на Коронавирус COVID-19 и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со потребата од продолжување на основна обука за полицаец во Центарот за обука во Министерството за внатрешни работи.

2. Го усвои Протоколот за спроведување на основната обука за полицаец во услови на присуство на Коронавирусот COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 46**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за навремена и редовна исплата на парични права од социјална заштита, заштита на децата и згрижувачките семејства, за корисници кои биле клиенти на „Еуростандард банка“ АД Скопје.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени соодветни активности за надминување на дадени ситуации, предизвикани од COVID - 19 и непречена делумна реализација на Акциониот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2020 година за поднесување барања и издавање на изготвени пасоши преку дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана и ја усвои со следните заклучоци:

1.. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги активира сите изготвени и неиздадени пасоши кои се наоѓаат во Министерството за надворешни работи, како и да ги изготви и активира патните исправи на сите поднесени барања за пасоши, реализирани од страна на мобилните екипи во дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, до моментот на настапување на вонредната состојба предизвикана од COVID - 19.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи изготвените и активирани патни исправи на сите поднесени барања за пасоши, реализирани од страна на мобилните екипи во дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, до моментот на настапување на вонредната состојба предизвикана од COVID - 19, да ги достави до Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, доставените изготвени и активирани патни исправи, по дипломатски пат, да ги проследи во дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство.

4. Се задолжуваат службените лице во дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана, врз основа на приложен документ со слика за лична идентификација, да ги издадат изготвените и активирани пасоши на подносителите на барањето за патна исправа (за малолетни лица, изготвениот и активиран пасош, врз основа на документ за лична идентификација, службеникот да го издаде на родител/старател).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 13:50 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски